# ЗАПИСНИК

**Записник од одржана Јавна расправа за Студија за оцена на влијание врз животната средина за спроведување на проект - Изградба на колекторски систем, рехабилитација на канализациона мрежа и изградба на пречистителна станица за отпадни води во Битола, општина Битола, за потребите на инвеститорот Министерството за животна средина и просторно планирање, одржана на ден 23.12.2022 година (петок) во салата на советот на Општина Битола**

На ден 23.12.2022 година во Општина Битола се одржа Јавна расправа по Студија за оцена на влијание врз животната средина за проектот - Изградба на колекторски систем, рехабилитација на канализациона мрежа и изградба на пречистителна станица за отпадни води во Битола, општина Битола, за потребите на инвеститорот Министерството за животна средина и просторно планирање, која започна во 11:30 часот.

Присутни:

- **Претставници од МЖСПП**
- Исмет Садику - Советник за ОВЖС (МЖСПП)
- Влатко Цветаноски – Советник за постапка за ОВЖС (МЖСПП)
- Марјан Михајлов, претставник од МАНЕКО СОЛУШНС од Скопје
- Весна Индова Точко - Сектор за спроведување на ИПА (МЖСПП)
- Ѓорѓи Велевски - Сектор за спроведување на ИПА (МЖСПП)
- Лидија Аритонова Симоновска - Сектор за спроведување на ИПА (МЖСПП)
- **Претставници од општина Битола**
- Венцо Шишкин
- Гордана Талевска
- Викторија Радевска
- Емилија Сарафска

Јавната расправа се одвиваше по следниот дневен ред:

**1. Отворање**

- Јавната расправа ја отвори Влатко Цветаноски – Советник за постапка ОВЖС во Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање. По претставување на присутните (претставници од страна на Министерството за животна средина, инвеститорот и општина Битола), и запознавање со постапката за ОВЖС од страна на МЖСПП збор доби Весна Индова Точко која ја образложи развојната постапка на овој проект, по што збор доби и Ѓорѓи Велевски кој назнчи дека овој проект е од големо значење за општина Битола и дека земал активно учество во секоја фаза од реализацијата на овој проект.
- Влатко Цветаноски му даде збор на консултантот Марјан Михајлов, претставник од МАНЕКО СОЛУШНС од Скопје да направи презентација на Студијата за ОВЖС за проектот.

**2. Презентација на студијата за оцена на влијание врз животната средина**

Презентацијата започна со објаснување на процедурата на ОВЖС во согласност со Законот за животна средина и добиеното Решение за утврдување на потреба од оцена на влијание врз животната средина. Потоа следеше презентација на разгледуваните алтернативи. Презентацијата продолжи со технички опис на проектот, опис на разгледуваните влијанија во пред-градежна, градежна и оперативна фаза, како и мерките предложени во студијата за намалување на идентификуваните влијанија. Образложена беше и целта на проектот које е подобрување на системот за собирање и третман на отпадните води во агломерација Битола. Овој проект ги вклучува следниве активности: Изградба на пречистителна станица за отпадни води во агломерација Битола за 112.474 еквивалент жители, изградба на 15,6 km главни колектори и 3 пумпни станици, рехабилитација на 20 km канализациона мрежа и поврзување со домаќинствата. Имплементацијата на проектот ќе резултира со подобрување на квалитетот на површинските води, флората и фауната, екосистемот во реципиентот. Во Студијата за ОВЖС се опфатени визуелни аспекти, биолошка разновидност, кумулативни влијанија и социо-економски аспекти.

## 3. Дискусија

- Влатко Цветаноски отвори дискусија по Студијата за ОВЖС, при што за збор по однос на Студијата за ОВЖС се пријави **Венцо Шишкин** кој се заблагодари за успешната презентација и даде подсетување дека учествувал во сите фази од имлементацијата на овој проект. Исто така кажа дека 12 хектари се решени имотно правните односи и дека целата КП број 25 е во сопственост на државата. Наведе и дека од направена пренамена од земјоделско земјиште во градежно земјиште. Локацијата која е избрана е во корелација со тоа да нема пумпни станици и поради близината на реципиентот река Драгор со што би имало гравитационо течење на пречистената отпадна вода кон реципиентот.
- **Томе Крстевски** праша што ќе се прави со 23 тони мил бидејќи е голема количина. Одговор даде **Венцо Шишкин** дека милта ќе се користи за заполнување на стари повшински копови, ќе најде примена во земјоделието, за согорување или че се одлага на депонија**.**

**Томе Крстевски** праша како ќе се постапува со честичките од азот и фосфор и дали ќе има третман на истите. Одговор даде **Венцо Шишкин** кој кажа дека до 2038 година ќе има надградба на ПСОВ Битола со вршење на терцијален третман. Метанот ќе се собира и складира и ќе се враќа во системот.

**Славчо Ристовски** – инветитор, праша дали нивната ПСОВ може да се приклучи кон цевководот кој ќе води кон главната ПСОВ Битола. Одговор даде консултантот Марјан Михајлов кој рече дека ако третманот на отпадната вода од ПСОВ на инвеститорот е согласно дозволеното може да оди во цевководот од главната ПСОВ.

Јавната расправа беше затворена од страна на Влатко Цветаноски во 13:00 часот.